РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-2674/2
03.12.2025 ГОД

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Акционерство Друштво Оранжери с.Хамзали-Босилово, преку Полномошник Адв. Методи Поп Методиев ул. Ванчо Прќе бр.121 Штип со број 10-2674/1 од 24.11.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Акционерство Друштво Оранжери с.Хамзали-Босилово, преку Полномошник Адв. Методи Поп Методиев ул. Ванчо Прќебр.121 Штип заверено под број 10-2674/1 од 24.11.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Акционерство Друштво Оранжери с.Хамзали-Босилово, преку Полномошник Адв. Методи Поп Методиев, преку поштата на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 24.11.2025 година заверено под број 10-2674/1 со кое побара преку пошта и електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Колку одобренија за градба има издадено општината за објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори и за колкава вкупна моќност се издадени одобренијата за 2024-2025; Колку одобренија за градба на објекти за производство на електрична енергија од обнобливи извори се поништени од страна на Општина Ресен за 2024-2025; Колку решенија за градба за објекти за складирање на електрична енергија има издадено Општина Ресен за пероид 2024-2025.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното: во прилог Ви го доставуваме одговорот добиен од Сектор за урбанизам, комунални работи, локален економски развој и прекугранична соработка.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

**РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РЕСЕН**
**Број 16-сл**
**26.11.2025 година**

**До:**
**Сектор за правни работи и јавни дејности**

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со вашето барање за податоци 10-сл од 25.11.2025 година, во прилог Ви ги доставуваме потребните информации-податоци:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | АД „Оранжерии“ с. Хамзали - Босилово | 700 kW |
| 2. | АД „Оранжерии“ с. Хамзали - Босилово | 1000 kW |
| 3. | АД „Оранжерии“ с. Хамзали - Босилово | 1000 kW |
| 4. | Ангелина Лазаревска - Скопје | 1000 kW |
| 5. | Ангелина Лазаревска - Скопје | 1000 kW |
| 6. | „Лумос Груп“ ДОО Ресен | 900 kW |
| 7. | ДПТУ „Жолто Џуџе“ ДОО Битола | 1000 kW |
| 8. | ДПТУ „Жолто Џуџе“ ДОО Битола | 1000 kW |
| 9. | ДПТУ „Жолто Џуџе“ ДОО Битола | 1000 kW |
| 10. | ДПЕЕ „Енерџи Гроуп Доборово“ ДОО Скопје | 1000 kW |
| 11. | „Лумос Груп“ ДОО Ресен | 900 kW |
| 12. | „Лумос Груп“ ДОО Ресен | 900 kW |
| 13. | „Лумос Груп“ ДОО Ресен | 900 kW |
| 14. | ДПЕЕТУ „Унеса Енерџи“ ДОО Скопје | 990 kW |
| 15. | ДПЕЕТУ „Унеса Енерџи“ ДОО Скопје | 990 kW |
| 16. | ДПЕЕТУ „Унеса Енерџи“ ДОО Скопје | 990 kW |
| 17. | ДПЕЕТУ „Унеса Енерџи“ ДОО Скопје | 990 kW |
| | **ВКУПНО во 2024 година** | **16.260 kW** |
| | | |
| 1. | ДПЕЕТУ „Адар Солар“ ДООЕЛ Битола | 1000 kW |
| 2. | ДПЕЕТУ „Адар Солар“ ДООЕЛ Битола | 1000 kW |
| 3. | „Балкан Еко Солар“ ДООЕЛ Битола | 1000 kW |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | „Сол Груп 5“ ДОО Скопје | 994 kW |
| 5. | „Солар Парк“ ДОО Битола | 500 kW |
| 6. | ДПТУ „Артемис Груп“ ДОО Скопје | 660 kW |
| 7. | ДПТУ „Артемис Груп“ ДОО Скопје | 990 kW |
| 8. | ДПТУ „Артемис Груп“ ДОО Скопје | 990 kW |
| 9. | АД „Оранжерии“ с. Хамзали - Босилово | 1000 kW |
| | **ВКУПНО во 2025 година** | **8.134 kW** |

Во однос на втората точка, општина Ресен има донесено 3 (три) Решенија за поништување на Одобренија за градби за производство на електрична енергија од обновливи извори кои се издадено во период 2024 - 2025 година.

Во однос на третата точка, општина Ресен нема издадено Решение за градба за објекти за складирање на електрична енергија, заклучно со 26.11.2025 година.

Со почит,

**Раководител**
**Златко Чаталовски**